**Антон Мирчев – Пешковски (1890 - 1942) е македонски деец, истакнат член на Македонската колонија во Петровград, потписник на неколку нејзини акти во списанието „Македондки глас“ (Македонскій голосъ) и е член на Македонскиот револуционерен комитет во Петроград. Тој својот печат го стави на страниците на македонската и светската историја. Учествувал во Октомвриската револуција и бил близок соработник В. И. Ленин и К. Раковски.**



Годъ I. № 4.

МАКЕДОНСКІЙ ГОЛОСЪ

(МАКЕДОНСКИ ГЛАС).

Органъ сторонниковъ независимой Македоніи.

ВЫХОДИТЪ отъ 1 до 5 разъ ВЪ МѢСЯЦЪ.

Подписная цѣна на „Мак. Голосъ“—2 р. въ годъ. Отдѣльный нумеръ 10 коп.

«Мы, македонцы,— не сербы, не болгары, а просто македонцы. Македонскій народъ существуетъ независимо отъ болгарскаго и сербскаго. Мы сочувствуемъ и тѣмъ и другимъ, и болгарамъ и сербамъ: кто поможетъ нашему освобожденію, тому мы скажемъ спасибо, но пусть болгары и сербы не забываютъ, что Македонія только для македонцевъ...»
Борисъ Сарафовъ.

Редакція и контора въ С.-Петербургѣ, Гончарная ул., 13, тел. 69-12.

С.-Петербургъ. 14 Августа, 1913.

**Содержаніе:** Чаша терпѣнія переполнилась. Открытое письмо генералу П. Д. Паренсову.—Д. Д. Чуповскаго. Самостоятельность Македоніи, какъ локализація балканскаго пожара.—Александръ Конъ. Нашъ долгъ.—Д-ра Б. Кириченко-Астромова. Заговорили о предоставленіи автономіи.—К. Новый меморандумъ Македонцевъ. Опять объ упавшихъ духомъ. Откликъ русскаго читателя „Македонскій Голосъ“.—А. Коломнова. „Славянскимъ извѣстьямъ“. Вѣсти изъ Македоніи. Русская печать о Македонскомъ вопросѣ.

**Стоянъ Вѐзанко,** выдающійся македонскій вождь, борецъ за независимость Македоніи стоялъ во главѣ ряда возстаній македонцевъ противъ турецкаго ига; въ 1877—8 г.г. предводительствовалъ организованнымъ имъ македонскимъ ополченіемъ. При заключеніи Санъ-Стефанскаго договора былъ на конференціи делегатомъ отъ Македоніи. Память о С. Вѐзанко навсегда останется неизгладимой среди македонскаго народа.

Антон (Доне, Дончо)  Мирчев  (Мирчич) – Пешковски е роден во 1890 година во селото Тресонче, во маалото Пешковци. По завршувањето на образованието, неговиот брат Крсте Мирчевски ќе работи како учител, а Антон околу 1910 година го напушта родното место и емигрира во Русија.

По доаѓањето во Русија, Антон Мирчев – Пешковски работи како електромонтер во Санкт Петербург (Петроград). Во руската престолнина се приклучува на Македонската колонија, во која членуваат прврзаниците за независна Македонија. Во 1914 година тој потпишува неколку акти кои се објавени во списанието „Македонски глас“ (Македонскій голосъ), орган на Македонската колонија. Инаку, ова списание кое се појавува на 9.06.1913 година и има големо значење за македонската историја и го уредува Редакцискиот совет на Македонската колонија, излегува се 20.11.1914 год., кога под притисок на балканските монархии престана да се печати.

Во 1914 година, Антон Мирчев – Пешковски учествува во активностите на повеќе напредни групи во Русија. Во 1916 година по една полициска провала бил затворен и протеран во Сибир. Наредната година, по враќањето во руската престолнина, учествува во основањето на Македонскиот револуционерен комитет во Петроград.

На иницијатива на истакнатите македонски дејци како Димитрија Чуповски, Гаврил Константиновиќ, Глигор Угриновски, Антон Мирчев - Пешковски и др. во март 1917 г. се основа македонското национално револуционерно здружение (Македонскиот револуционерен комитет), кое  се залага за обединување на поделената Македонија, како и за урнување на монархиите на Балканот и за создавање на Балканска Федеративна Демократска Република, во која рамноправно би се вклучиле Македонија, Грција, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Бугарија, Тракија, Хрватска и Словенија, на чело со еден Претседател, Сојузна влада и Совет кој би преставувал замена за Претседател.

По избувнувањето на Октомвриската револуција во 1917 година, Антон зема активно учество во револуционерните настани. Тој учествува во нападот на Зимскиот дворец и тесно соработува со Владимир Илич Ленин и Кристијан Раковски. Како член на петроградскиот револуционерен комитет, тој бил назначен за еден од раководителите на монополот за шпиритус и член на контролната петорка за снабдувањето и исхраната на Петроград.

Во јануари 1918 годинi во Петриград била формирана Група на балкански комунисти. Во групата која броела 18 членови влегуваат и македонците Антон Мирчев – Пешковски (Тресонче) Михаил Антонов (Неврокоп) и д-р Владимир Каваев (Струга), како и неговата сопруга д-р Елена Каваева (Полска), личен пријател на  Владимир Илич Ленин. Антон зема активно учество во работа на оваа група и учествува на првите два големи меѓународни митинзи одржани во јануари и декември 1918 година. Потоа се вклучува во Првиот интернационален баталјон на Црвената армија за борба против контрареволуционерите и интервенционистите.

Антон Мирчев – Пешковски станал и функционер во Комунистичката интернационала, како и министер во Владата на Украина, составена по Октомвриската револуција. Во 1920 година, како комунистички емисар ја посетил Југославија и Бугарија. По посетата на Македонија се враќа во Русија, каде се вклучува во борбата против интервенционистите и белогардејците. Како комесар на Црвената армија, тој учествува

во борбите на западниот фронт.

Антон потоа завршува инжинерство и бил испратен во Сибир каде работел на изградбата на Магнитогорск. Во 1930 година тој им испратил своја фотографија на мајка си и на својот брат.

Смртта на овој наш македонски деец е обвиена со мистерија. Постојат две верзии за неговата смрт во 1942 година. Во првата верзија се зборува дека Антон Мирчев – Пешковски бил заболен од туберколоза и дека починал во болница во Москва, а во втората дека тој мистериозно исчезнал едно ноќ во 1942 година во Москва, кога германските војски биле пред портите на главниот град.